Бр./Nr 12-1768/4
20-07-2026 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 35-та седница одржана на 16.07.2026 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапката по предметот број 12-1768/1, оформен по пријава со наводи за сомневање за неправилности во работењето на на ------ и непостапување по поднесоци доставени од лицето -------, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за натамошно постапување во предметниот случај, од причина што за пријавените наводи постапил друг надлежен орган.

Предметот со број 12-1768/1 од 16.04.2026 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

До ДКСК на ден 16.04.2026 година е поднесена пријава, во која се изнесуваат наводи за сомневање за неправилности во работењето на ------ и за непостапување по повеќе поднесоци доставени од подносителот ------, по што е оформен предмет бр. 12-1768/1 од 16.04.2026 година.

Во пријавата се наведува дека, ------ не постапил по доставените поднесоци и не составил записник, не донел решение и не презел дејствија согласно својата законска надлежност. Исто така изнесени се и наводи за сомневање за незаконско постапување на --------, поврзани со бришење на веќе воспоставено право на службеност, запишано на ден 27.03.2024 година. Подносителот на пријавата наведува дека одговорот добиен од

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

управниот инспектор ------ за него не претставувал формален управен акт, туку прераскажување на наводите добиени од катастарските служби, без сопствена правна оцена, без составен записник од извршен надзор и без донесено решение.

Со цел утврдување на фактичката состојба, ДКСК побара податоци и информации од ------------ за наводите содржани во пријавата.

Од доставеното известување и приложената документација произлегува дека ---------- постапил по поднесоците на подносителот, спровел проверки во рамките на своите законски надлежности и за преземените дејствија писмено го известил подносителот. Воедно, од страна на инспекторатот бил извршен и вонреден инспекциски надзор при кој не биле констатирани неправилности кои би наложиле преземање на понатамошни мерки и дејствија. Управниот инспектор ја запрел постапката и го известил подносителот дека тој нема надлежност да ја цени законитоста на донесените управни акти и нивно усогласување со судска пресуда донесена во предметната постапка. Исто така, по однос на истите наводи доставено било барање и од Народен правобранител на кое инспекторатот го известил за своедно надлежно постапување.

Имајќи го предвид погоре наведното, ДКСК констатира дека по наводите од пријавата постапил друг надлежен орган што значи дека пријавените наводи не се потврдуваат. Оттаму, ДКСК оцени дека нема елементи за натамошно постапување по предметот и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател,

Адем Чучуљ

Изготвил: м-р Ф.О., советник
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk